## СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

Врз основа на членот 75 ставови 1, 2 и 3 од Уставот на Република Северна Македонија, претседателот на Република Северна Македонија и претседателот на Собранието на Република Северна Македонија издаваат

## УКАЗ ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА РАБОТНИТЕ ОДНОСИ

Се прогласува Законот за изменување на Законот за работните односи,
што Собранието на Република Северна Македонија го донесе на седницата одржана на 1 април 2025 година.

Бр. 08-2012/1
1 април 2025 година
Скопје

Претседател на Република
Северна Македонија,
**Гордана Сиљановска-Давкова,** с.р.

Претседател
на Собранието на Република
Северна Македонија,
**Африм Гаши,** с.р

## ЗАКОН ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА РАБОТНИТЕ ОДНОСИ

Член 1

Во Законот за работните односи („Службен весник на Република Македонија” број 62/2005, 3/2006, 44/2006, 66/2006, 16/2007, 57/2007, 77/2007, 106/2008, 161/2008, 63/2009, 114/2009, 130/2009, 149/2009, 10/10, 50/10, 52/10, 58/10, 124/10, 132/10, 47/11, 11/12, 39/12, 13/13, 25/13, 170/13, 187/13, 106/14, 113/14, 20/15, 33/15, 72/15, 129/15, 27/16, 134/16 и 120/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија” број 110/19, 267/20, 151/21, 288/21, 111/23 и 39/25), во член 110 во ставот (4) зборовите: „министерот за труд и социјална политика” се заменуваат со зборовите: „министерот за економија и труд”.

Член 2

Во член 116 во ставот (9) зборовите: „министерот надлежен за работите од областа на трудот” се заменуваат со зборовите: „министерот за економија и труд”.

Член 3

Во член 122-а во ставот (4) зборовите: „министерот надлежен за работите од областа на трудот” се заменуваат со зборовите: „министерот за економија и труд”.

Во ставот (7) зборовите: „министерството надлежно за работите од областа на трудот” се заменуваат со зборовите: „Министерството за економија и труд”.

Член 4

Во член 134 во ставот (8) зборовите: „министерот надлежен за работите од областа на трудот” се заменуваат со зборовите: „министерот за економија и труд”.

Во ставот (9) зборовите: „министерот надлежен за работите од областа на трудот” се заменуваат со зборовите: „министерот за економија и труд”.

Член 5

Во член 162 во ставот (2) зборовите: „министерот надлежен за работите од областа на трудот” се заменуваат со зборовите: „министерот за економија и труд”.

Член 6

Во член 173 во ставот (2) зборовите: „министерот надлежен за работите од областа на трудот” се заменуваат со зборовите: „министерот за економија и труд”.

Член 7

Во член 190 во ставот (1) зборовите: „министерството надлежно за работите од областа на трудот” се заменуваат со зборовите: „Министерството за економија и труд”.

Член 8

Во член 191 во ставот (3) зборовите: „министерот надлежен за работите од областа на трудот” се заменуваат со зборовите: „министерот за економија и труд”, а зборовите: „министерот за информатичко општество и администрација” се заменуваат со зборовите: „министерот за дигитална транформација”.

Член 9

Во член 210 во ставот (3) зборовите: „Министерството за труд и социјална политика” се заменуваат со зборовите: „Министерството за економија и труд”.

Член 10

Во член 212 во ставот (1) во точките 1) и 3), зборовите: „министерството надлежно за работите од областа на трудот” се заменуваат со зборовите: „Министерството за економија и труд”.

Во ставот (2) зборовите: „министерството надлежно за работите од областа на трудот” се заменуваат со зборовите: „Министерството за економија и труд”.

Во ставот (3) зборовите: „министерството надлежно за работите од областа на трудот” се заменуваат со зборовите: „Министерството за економија и труд”.

Во ставот (4) зборовите: „министерството надлежно за работите од областа на трудот” се заменуваат со зборовите: „Министерството за економија и труд”.

Член 11

Во член 213 став (1) во точката 1) зборовите: „министерството надлежно за работите од областа на трудот” се заменуваат со зборовите: „Министерството за економија и труд”.

Во ставот (2) зборовите: „министерството надлежно за работите од областа на трудот” се заменуваат со зборовите: „Министерството за економија и труд”.

Во ставот (3) зборовите: „министерството надлежно за работите од областа на трудот” се заменуваат со зборовите: „Министерството за економија и труд”.

Член 12

Во членот 213-а зборовите: „министерството надлежно за работите од областа на трудот” се заменуваат со зборовите: „Министерството за економија и труд”.

Член 13

Членот 213 - б се менува и гласи:

„(1) Комисијата е составена од девет члена од кои по еден претставник од Министерството за економија и труд, Министерството за правда и Министерството за социјална политика, демографија и млади, три претставника именуваат репрезентативните здруженија на работодавачи и три претставника репрезентативните синдикати, членови на Економско-социјалниот совет.

(2) Регистрираните синдикати и здруженија на работодавачи на национално ниво можат да определат свој претставник кој ќе присуствува при работата на Комисијата.

(3) Претставниците на министерствата од ставот (1) на овој член, ги определува Владата на Република Северна Македонија, на предлог на министерот за економија и труд.

(4) Административно-стручните работи за работа на Комисијата ги врши Министерството за економија и труд.

(5) Начинот на работа на Комисијата се определува со Деловник за работа на Комисијата.".

Член 14

Во член 213-в во ставот (5) зборовите: „министерот надлежен за работите од областа на трудот" се заменуваат со зборовите: „министерот за економија и труд", а зборовите: „министерот за информатичко општество и администрација" се заменуваат со зборовите: „министерот за дигитална транформација".

Член 15

Во член 213-г во ставот (2) зборовите: „министерството надлежно за работите од областа на трудот" се заменуваат со зборовите: „Министерството за економија и труд".

Во ставот (3) зборовите: „Државната комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен" се заменуваат со зборовите: „Државната комисија за одлучување во управна постапка, постапка од работен однос и инспекциски надзор во втор степен".

Член 16

Во член 216 во ставот (2) зборовите: „министерот надлежен за работите од областа на трудот" се заменуваат со зборовите: „министерот за економија и труд".

Член 17

Во член 231 во ставот (1) зборовите: „министерството надлежно за работите од областа на трудот" се заменуваат со зборовите: „Министерството за економија и труд".

Во ставот (3) зборовите: „министерството надлежно за работите од областа на трудот" се заменуваат со зборовите: „Министерството за економија и труд".

Во ставот (4) зборовите: „Министерот надлежен за работите од областа на трудот" се заменуваат со зборовите: „Министерот за економија и труд".

Член 18

Во член 246 во ставот (3) во точките 4) и 9) зборовите: „министерот за труд "се заменуваат со зборовите: „министерот за економија и труд".

Член 19

Во член 258 во ставот (8) зборовите: „министерот надлежен за работите од областа на трудот" се заменуваат со зборовите: „министерот за економија и труд".

Член 20

Членот 258-б се менува и гласи:

„Министерството за економија и труд – Државниот инспекторат за труд за извршените контроли изготвува квартални извештаи и ги објавува на веб-страницата на Министерството за економија и труд и на Државниот инспекторат за труд, на унифициран кваратален преглед.”.

Член 21

Во член 259 во ставот (7) зборовите: „Министерот надлежен за работите од областа на трудот” се заменуваат со зборовите: „Министерот за економија и труд”.

Член 22

Во член 265 во ставот (4) зборовите: „министерот за труд и социјална политика” се заменуваат со зборовите: „министерот за економија и труд”.

Член 23

Во член 265-а во ставот (4) зборовите: „министерот за труд и социјална политика” се заменуваат со зборовите: „министерот за економија и труд”.

Член 24

Во член 266-б ставот (1) се менува и гласи:

„(1) Прекршочна комисија формира министерот за економија и труд. Министерот за економија и труд може да формира повеќе прекршочни комисии кои ќе бидат надлежни за водење на прекршочна постапка за одделни области или за одделни подрачја на Република Северна Македонија.”.

Во ставот (8) зборовите: „Министерот надлежен за работите од областа на трудот” се заменуваат со зборовите: „Министерот за економија и труд”.

Во ставот (9) зборовите: „министерот надлежен за работите од областа на трудот” се заменуваат со зборовите: „министерот за економија и труд”.

Член 25

Во член 266-в во ставот (3) зборовите: „министерот за труд и социјална политика “ се заменуваат со зборовите: „министерот за економија и труд”.

Член 26

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија”.